# КАКО СЕ ФОРМИРА СМЕТКАТА ЗА ПОЕДИНЕЧЕН КОРИСНИК

Секој објект приклучен на топлификациониот систем има мерач на испорачаната топлинска енергија. Мерачот ги има сите цертификати за мерење и наплата на топлинска енергија. Вкупно измерената енергија на влез во објектот, помеѓу две читања, најпрво се дели на типовите корисници на греење во објектот пропорционално на вкупната инсталирана топлинска моќност на секој тип корисник.

Согласно тој принцип доделената енергија на стембените корисници од објектот се дели на метар квадратен отоплувана стамбена површина во објектот . Енергијата за секој стамбен корисник се добива со множење на добиената енергија по метар квадратен со квадратурата на станот. Вака добиената енергија по секој стан од објектот помножена со важечката цена за топлинската енергија го дава делот од сметкатата за потрошена енергија. Делот од сметката за пресметковна моќност за секој стан се добива со множење на пресметковната топлинска моќност на станот со цената за топлинска моќност за еден ден грејна сезона и сето тоа помножено со бројот на денови помеѓу две читања. Пресметковната топлинска моќност за еден стан се добива кога пресметковната топлинска моќност за сите стамбени корисници во објектот се подели со вкупната квадратура на овие корисници и се помножи со квадратурата на соодветниот стан.

Формирањето на сметката за сите други типови корисници на отоплување во објектот (деловни на пример) е на идентичен принцип со тоа што критериум за подела на доделената енергија за секој корисник е инсталираната топлинска моќност кај корисникот.